Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut
**Министерство за образование и наука** | **Ministria e Arsimit dhe Shkencës**

УП1 бр. 14-251
23.05.2019 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врз основа на член 216 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Безбедност на Факултетот за безбедност при Европски Универзитет-Република Македонија Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Безбедност на Факултетот за безбедност при Европски Универзитет-Република Македонија Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Европскиот Универзитет Република Македонија Скопје, се обрати со барање од 29.01.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-251 од 29.01.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Безбедност на Факултетот за безбедност при Европски Универзитет-Република Македонија Скопје, акредитирана со Решение за акредитација бр. 1409-252/3 од 26.12.2018 година, издадено од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-251 од 06.02.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 26.02.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-251 од 22.04.2019 година, каде е наведено дека студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Безбедност на Факултетот за безбедност при Европски Универзитет-Република Македонија Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР / MINISTËR**
**Dr. Arbër Ademi**

Доставено и до
- Архива

Подготвил: Биљана Зафировска
Контролирал:Снежана Јузевска
Согласен:Борчо Алексов
Одобрил:d-r Agim Rushiti